**МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ЈУНИ* 2010**
**ЗА СОСТОЈБИТЕ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА И КРИМИНАЛОТ**
**И СОСТОЈБАТА СО ТРАНСПАРЕНТНОСТА ВО ОПШТЕСТВОТО**

Во месечниот извештај за јуни 2010 г. за состојбите во борбата против корупцијата и криминалот и состојбата со транспарентноста во општеството, ТМ сака да предупреди за следните случаи:

## РЕБАЛАНС НА БУЏЕТОТ

**1.** Транспарентност Македонија во повеќе наврати упатуваше забелешки до Владата на РМ со сомнеж во нејзината јасна определба за влез во НАТО и ЕУ. Со предлог–ребалансот на Буџетот за 2010 г., Владата само ги потврди нашите сомневања. Очевидно е дека двете клучни институции за евро-атлантските аспирации на државата, Министерството за одбрана и Секретаријатот за европски прашања, во оваа Влада имаат второстепена улога.

Имено, ако корекцијата на Буџетот на РМ изнесува **3,3%** надолу, намалувањето на буџетот на Министерството за одбрана изнесува **7,4%**, а на Секретаријатот за европски прашања високи **17,8%**! Она што особено загрижува е големото намалување од **19,4%** на капиталните расходи кај Министерството за одбрана. Во рамките на капиталните расходи, најголемо намалување има токму кај потпрограмата со наслов ***Интеграција во НАТО***, која е скоро преполовена, поточно намалена е за **46,3%.**

Имајќи ги предвид овие промени во Буџетот на РМ, како и намалувањата во буџетите на двете горенаведени институции направени во последниве две години,

---

* *Транспарентност - Македонија* (ТМ) објавува редовни месечни извештаи за борбата против корупцијата и состојбата со транспарентноста во македонското општество, во областа на работењето на државните органи и другите општествени и политички институции во РМ. Преку извештаите ТМ укажува и предупредува на неправилности и непочитување на процедурите и добрите практики во спроведувањето на јавните политики и трошењето на јавните пари. Намерата е актерите во македонската политика, како и граѓаните, овие забелешки да ги сфатат конструктивно, како еден континуиран и објективен механизам за следење на состојбите во РМ во областа на транспарентноста на општеството и борбата против криминалот и корупцијата. Месечните извештаи се финансирани од страна на ФИООМ (Фондација Институт отворено општество-Македонија).

**ТМ ја прашува Владата на Република Македонија дали и официјално се откажува од членство во ЕУ и НАТО, како клучни прокламирани државни определби? Го повикуваме Министерството за одбрана да ја објасни својата позиција по ова прашање, со оглед на важноста на одлуката за супстанцијално менување на стратегијата за интегрирање во НАТО.**

**2.** Понатамошната анализа на новиот Буџет упатува на заклучокот дека Владата на Република Македонија, наместо да ја зајакне својата определба за одлучна борба против корупцијата, со предложениот ребаланс на Буџетот оваа определба започна видно да ја задушува.

Со намалување на буџетот на ДКСК како и на Комисијата за заштита на правото на слободен пристап (КЗЛП), Владата не само што го попречува нивното успешно функционирање, туку ни става до знаење дека борбата против корупцијата не е нејзиниот врвен приоритет – или барем не преку зајакнување на независните институции надлежни за спроведување на анти-корупциските политики во државата. Искуствата покажуваат дека во оние земји каде владите настојувале да го ограничат функционирањето на антикорупциските институции, прво преминувала кон намалување на нивните буџети. Одземањето на финансиската самостојност значи воспоставување политичка и функционална контрола врз оваа институција од страна на власта. Со ребалансот се оди дотаму што под знак прашалник се ставаат и хонорарите на членовите на ДКСК, бидејќи со ребалансот се предвидени хонорари само до месец септември 2010 г. Ваквите активности на Владата не може поинаку да се толкуваат освен како отворен притисок врз ДКСК и КЗЛП во остварувањето на нивните со закон определени задолженија и цели.

**ТМ ја повикува Владата на РМ да ги преиспита своите постапки, како и реално, а не само декларативно, да ја поддржи борбата против корупцијата преку недвосмислена поддршка на ДКСК и на КЗЛП.**

## СУДСТВО

**3.** Последните постапки против неколку судии од Апелациониот суд во Скопје одново ја покажаа ранливоста на македонското судство. Имено, прописите со кои треба да се гарантира неговата самостојност и независност очигледно оставаат простор за самоволно толкување и арбитрарност, а Судскиот совет наместо да биде основен гарант за независноста на судството, ги искористува ваквите недоречени прописи за да ја покаже сервилноста кон власта која не може да одолее на искушението да се справи со „непослушните судии“.

**Транспарентност Македонија смета дека независноста на судовите не може да биде покритие за нивна неодговорност и самоволие. Сепак, смислата на правните гаранции и на целото**

**постоење и делување на Судскиот совет е да спречат каква и да е арбитрарност и надворешни влијанија, а разрешувањето на судиите да зависи само од покажаните резултати во вршењето на судиската функција.**

Стручноста на секој избран судија се претпоставува, особено во повисоките судови! Секој што работи - може и да погреши. Затоа постојат правните лекови, а разрешувањето на судиите заради нестручност (и несовесност, во смисла на неажурност) мора да биде засновано врз објективни критериуми за нестручноста, мерливи во поголем случаи. Оттука, да се разреши судија за кој најмалку две години по ред Судскиот совет оценил дека покажал незадоволителни резултати, особено преку објективизирани критериуми како „ненавремено донесување на судските одлуки, неефикасно и неажурно водење на судската постапка, број на потврдени, преиначени и укинати судски одлуки“, е едно; но, да се утврди „несовесно, ненавремено или невнимателно вршење на судиската функција во водењето на судската постапка по одделни предмети“ за некои судии (па дури и тука законот бара повеќе од еден предмет!), е нешто сосема друго. Втората, арбитрарна можност, остава простор судии да се разрешат дури и тогаш кога тие имаат долгогодишна успешна кариера во судството и натпросечни резултати во работењето. Значи, за конкретен случај еден судија може да биде разрешен само ако во тој случај манифестирал очигледна, односно докажана злоупотреба, злонамера и сл. Таа интенција на законодавецот се гледа и од другите основи за разрешување, како „намерно повредување на правилата за правично судење; злоупотребување на положбата или пречекорување на службените овластувања; повреда на прописите или на друг начин нарушување на независноста на судиите при судење и сл".

Времето покажа и тоа дека правниот лек против одлуките на Судскиот совет едноставно не е ефикасен. Имено, и покрај сите контроверзи, ниту една одлука за разрешување на судии донесена од страна на Судскиот совет не беше оспорена од Комисијата на судии формирана при Врховниот суд.

**Транспарентност Македонија смета дека причина за практична бесполезност на ова правно средство е едноставна – судиите се плашат и не сакаат на себе да го навлечат гневот на Судскиот совет. Со тоа, тие докажуваат дека немаат интегритет, што е нешто што треба да ги загрижува сите.**

## ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВА НА КОРУПЦИЈАТА

**4.** Во изминатите два месеци, односно по изборот на новиот претседател на ДКСК, забележливо е извесно раздвижување во работата на ова тело. Ваквата активност на ДКСК е реакција и на големиот број информации дека во рамките на централната и локалната власт масовно е присутен судирот на интереси кај носителите на јавни функции и службените лица воопшто.

Така, јавноста беше запознаена со серија случаи, а кои резултираа со изрекување на некоја од мерките определени со Законот за спречување на судир на интереси (опомена, јавна опомена и иницијатива за разрешување). Еден од најочигледните примери на кумулација на функции преставува случајот на директорот на АД МЕПСО, г. **Владимир Здравев**, кој истовремено е и претседавач на Советот на општина Центар, но ништо помалку значајни не се и примерите кога општински советници се именувани за раководни лица во јавните претпријатија и установи, кои се во надлежност на истата таа локална самоуправа. Тоа значи дека овие лица се именуваат и се контролираат самите себе си.

Реакцијата на прозваните преставува одраз на отсуство на елементарно чувство за одговорност кон јавноста и институцијата во која ја извршуваат својата функција и, се разбира, кон ДКСК. Нивните јавни напади за тоа дека ДКСК, наводно, не знае да го применува законот, дека нивниот статус не имплицира судир на интереси и сл., отворено стави до знаење дека тие немаат намера да ги почитуваат одлуките и препораките на ДКСК.

Ваквиот игнорантски однос кон ДКСК одамна е промовиран од страна на Владата на РМ, преку примерите на недавање на бараните податоци и информации неопходни за донесување на соодветни одлуки, но сега Владата за прв пат се соочува и со конкретна иницијатива за разрешување на свој функционер. Иако помина повеќе од еден месец од поднесувањето на иницијативата за разрешување на директорот на Управата за спречување на перење пари, г. **Ване Цветанов**, јавноста нема информација за тоа што планира Владата да направи со овој свој кадар. Овој пример, како и сите останати иницијативи упатени до државните институции, а по кои нема никаква реакција, го наметнува прашањето за целисходноста од работата на ДКСК. Очигледно е дека ДКСК конечно ќе мора да се соочи со таквиот нејзин третман и енергично да побара отчет за ваквата состојба.

**ТМ ја повикува ДКСК да го информира Собранието на РМ и јавноста за бројот и видот на поднесени иницијативи за разрешување и преземање на други мерки, упатени до Владата на РМ и иницијативи за кривично гонење до Јавното обвинителство, а за кои нема конкретно постапување**.

**5.** И покрај тоа што јавноста ја поздрави иницијативата на ДКСК за разрешување на директорот на Управата за спречување на перење пари, сепак ваквата одлука во себе содржи и компромис. Имено, неспорно е дека таквата иницијатива е повеќе од оправдана, но основано се поставува прашањето - дали може овој случај тука и да заврши?! Од образложението на иницијативата, како и од содржината на конечниот извештај на Државниот завод за ревизија, може да се констатира дека постојат сериозни индиции дека **г. Ване Цветанов** направил сериозни злоупотреби на службената положба и овластување, како при незаконското вработување на кадри во Управата, така и при постапките за јавни набавки. Последиците од таквото негово однесување се согледуваат во несоодветната кадровска

структура во Управата, но уште повеќе во настанатата штета по нејзиниот буџет.

**ТМ смета дека разрешувањето на г. Цветанов од неговата функција, без истиот да биде соочен и со кривична одговорност, преставува акт на негово амнестирање и наградување, а не санкција.** Согласно **чл. 353 ст. 5** од Кривичниот законик, злоупотребата на службената положба при вршењето на јавни набавки или на штета на буџетот на Република Македонија, преставува најтешка форма на ова дело и за истото е предвидена и најстрога казна.

**ТМ ја повикува ДКСК повторно да го отвори овој случај и доследно да го примени Законот за спречување на корупцијата, поднесувајќи до Јавното обвинителство иницијатива за казнено гонење на директорот на Управата за спречување на перење пари поради сторената злоупотреба на службената положба при вршењето на јавни набавки.**

**ЗАКОН ЗА ИЗВРШУВАЊЕ**

**6.** За првпат во историјата на Македонското собрание се случи упад на Претседател на Владата на РМ во работата на Собранието на РМ. По бројните дискусии во Собранието при донесувањето на Измените на Законот за извршување, по писменото мислење и укажување на Комората на извршители, како и по укажувањето на стручната јавност дека измените на Законот за извршување се несоодветни и одат во правец на ограничување на извршителската дејност од страна на министерот за правда, иако станува збор за делегирана дејност од страна на судовите, сепак измените на Законот за извршување беа донесени.

Веднаш по нивното донесување, стана јасно дека граѓаните се незадоволни и нивното незадоволство јавно го манифестираа во сите медиуми укажувајќи на можноста тоа да прерасне во социјален немир, доколку почнат ригорозно да се спроведуваат одредбите од новиот Закон за извршување. По таквите најави, во медиумите се појави премиерот на РМ, **г. Груевски**, со изјави дека тој ќе го одложи дејството на овој Закон!?

**Транспарентност Македонија прашува: во кои држави уште се донесува закон под силен притисок на парламентарното мнозинство, за само по една недела да излезе премиерот и да изјави дека правното дејствие на донесениот закон ќе биде одложено?**

**КАНЦЕЛАРИИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ КОРУПЦИЈА**

**7.** Во месец јуни 2010 г., Министерството за образование најави отворање канцеларии за пријавување на корупција во високото образование. ТМ го поздравува овој чекор на Министерството, но исто така сака да укаже на одредена тенденциозност во неа. Имено, ваква канцеларија прво се отвори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и тоа на Економскиот факултет - Скопје, што беше пренесено во сите медиуми,

па јавноста стекна мислење дека корупцијата е сконцентрирана на конкретниот универзитет и факултет, а со тоа е нанесена голема штета на имиџот на институциите, кој постојат 60 години.

**ТМ го прашува Министерството за образование не ќе беше ли попаметно вакви канцеларии симултано да се отвореа и на другите државни универзитети (Штип и Битола), на сите факултети, без исклучок? Бидејќи тоа не е направено, не е ли ова уште едена тенденциозно насочена активност само кон Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и кон неколку факултети во неговите рамки, за кои оваа власт покажува отворено нетрпение и анимозитет?**

**ТМ ја повикува Владата на Република Македонија и Министерството за образование, да ја засилат борбата против корупцијата во високото образование, но тоа да го прават подеднакво на сите државни универзитети наместо фокусот тенденциозно да го ставаат само на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и неколку факултети во негови рамки.**

Јули 2010

**Транспарентност Македонија**
**"Ферид Бајрам" 39, 1000 Скопје Република Македонија**
**тел./факс: 02/ 31 21 100**

**www.transparentnost-mk.org.mk**